РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2378/8
15 -01- 2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-2378/1 од 27.04.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за нееднаков пристап од надлежна комисија при постапување по барања за денационализација, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапуваат и преземаат мерки надлежни органи.

Предметот со број 12-2378/1 од 27.04.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 27.04.2023 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за нееднаков пристап од надлежна комисија при постапување по барања за денационализација и оформен е предмет број 12-2378/1 од 27.04.2023 година.

Во пријавата се укажува на сомневање дека Комисијата за одлучување по барања за денационализација со седиште во ---------------------------------------- за две исти земјишта по барања за денационализација немала ист пристап и ист третман кон различни баратели. Во пријавата е наведено дека по барање за денационализација поднесено од -------------------------------- и -------------------- во однос на дел од парцела со Решение ДН.бр.-------------------------------- од 19.02.2002 им бил доделен определен паричен износ по метар квадратен. На 10.12.2008 година од страна на барателите поднесен е вонреден правен лек - барање за укинување на правосилно решение за денационализација затоа што во меѓувреме дознале дека во други постапки за денационализација кои се однесуваат на останатите делови од катастарската парцела на ---------------------------------------------------------------------------- и на други физички лица во 2002 година им било вратено порано национализираното земјиште, односно не им бил определен паричен надомест. Во продолжение се наведува дека од страна на Комисијата за одлучување по барање за денационализација со седиште во -------------------------------- било донесено решение ДН.бр.-------------------на 20.08.2009 година со кое е одбиено барањето со образложение дека земјиштето за кое се бара денационализација има статус на општо добро и служи за потребите на јавниот интерес. Поради тоа на решението ДН.бр.----------------- од 20.08.2009 година е поднесена жалба која со Решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен УП број --------------- од 10.02.2022 година е одбиена како неоснована. Исто така, се наведува дека со пресуда на Управниот суд У-2.бр.------------- од 16.02.2023 година уважена е тужбата и поништено решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

втор степен и истата е задолжена во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата да донесе нов управен акт, но до моментот на поднесување на пријавата до ДКСК таков акт не бил донесен.

Заради проверка на наводите од пријавата ДКСК упати барање до Комисијата за одлучување по барања за денационализација со седиште во -------------------------------------- и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е добиено известување дека на својата седница одржана на 28.03.2023 година е донесено Решение УП.бр.---------------- со кое постапила по заедничката жалба на барателите изјавена против Решение Дн.бр.------------------- од 20.08.2009 година, а по Пресудата У2.бр.------------ на Управниот суд. Донесеното решение е проследено до надлежен првостепен орган на 05.04.2023 година.

Од страна на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините ---------------------------------------------------------------------------------------, со седиште во Општина --------------------, доставено е известување во кое е прикажан целокупниот тек на постапката по предметот, од кој произлегува дека во 2002 година од Комисијата за денационализација е донесено решение за денационализација со кое е одлучено по барањето на барателите и бил определен надомест, а кое решение е потврдено со одлуки на второстепениот орган од 2003 година и на Врховниот суд од 2006 година. Дополнително, во периодот од 2008 година до 2023 година се води постапка по вонреден правен лек, односно барање за укинување на правосилното решение од 2002 година.

Во известувањето исто така е наведено дека Решението УП.бр.--------------- од 28.03.2023 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со кое се постапува по насоките на Управниот суд дадени во Пресудата У- 2.бр.--------------- од 16.02.2023 година не е доставено до странките, поради што истото во текот на ноември 2023 година е доставено до барателите и до Државниот правобранител-Скопје. Незадоволната страна против ова решение има право на тужба во рок од 30 дена од неговиот прием. Понатаму, се наведува дека Управниот суд во пресудата смета дека не е наведена образложена причина согласно одредбите на член 265 од Законот за општата управна постапка зошто не може да се уважи барањето за укинување на правосилното решение. Во известувањето се наведува дека во моментот на изготвување на дописот од страна на Комисијата за денационализација е во тек постапка на прибирање на докази со цел да се постапи по Барањето за укинување на правосилно решение согласно насоките на Управниот суд дадени во пресудата од 2023 година.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај постапуваат и преземаат мерки надлежни органи, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик/Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**